**20250861885**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАКТИКАНТСТВО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за практикантство,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2350/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРАКТИКАНТСТВО

Член 1

Во Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19 и 103/21), во член 13 во ставот (2) и во членот 16 зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 2

Во член 18 во ставот (1) зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 3

Во член 19 во ставот (9) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 4

Во член 22 во ставот (3) и во член 24 во ставот (1) зборовите: „министерот надлежен за работите од областа на трудот“ се заменуваат со зборовите: „министерот за економија и труд“.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.